# Наративен извештај

# Центар за истражување и анализи НОВУС Струмица

## за 2023 година

# Проекти и активности

## 1. Платформа за инвестиции во заедницата – ПИЗ Community Investment Platform – CIP

Проект во времетраење од 48 месеци финансиран од страна на Европската Комисија во рамки на програмата ИПА програмата за граѓанско општество и програма за медиуми 2018-2019 година. Се реализираше во партнерство со Фондацијата за развој на образование и култура Албиз од Скопје, Здружението Мултикултура од Тетово и Здружението Центар за одржлив развој на заедницата од Дебар. Главната цел на проектот беше унапредување на капацитетот на локалните граѓански организации за градење меѓусекторски иницијативи со цел социо-економски развој на заедницата во земјата во врска со таа цел беше креирана и платформа во 2022 година. Се осврна на основниот недостаток што го ограничува основниот развој на заедницата во земјата, одсуството на доверба меѓу секторите и управувањето со квалитетот. Граѓанските организации беа обучени и вмрежени, меѓу себе како и со деловниот и јавниот сектор за тоа како да се развиваат, финансираат и спроведуваат проекти во заедницата.

**Реализирани активности во периодот на 2023 година:**

- Креирана платформа за инвестиции во заедницата која функционира на национално ниво;
- Месечни координативни средби за конципирање на конструкцијата, дизајнот, функционалностите на платформата;
- Реализирана средба со граѓанскиот и јавниот сектор од Струмичкиот и Југоисточниот регион за промоција на платформата и собирање на пристапници за истата;
- Собрани 10 пристапници од граѓански организации и компании за членство во платформата;
- Реализирана средба со бизнис сектор и јавен сектор од Југоисточниот плански регион за промовирање на резултатите од спроведеното истражување, платформата како и идниот повик за регрантирање.
- Реализирани средби со граѓанскиот, бизнис и јавниот сектор, каде говорници беа луѓе претставници од трите сектори кои веќе во пракса имаат резултати од спроведување на оваа меѓусекторска соработка, финансирање на иницијативи на граѓанскиот сектор од бизнис секторот, заеднички проекти и активности.
- Континуирана промоција на платформата и реализација на редовни состаноци со заинтересирани трети страни за начинот на функционирање и како тие можат да ја користат платформата;
- Собрани 3 разработени концепти од Струмичкиот регион и поставени на платофмата за собирање на финансиски средства;

- Додеделни 7 грантови на локални граѓански организации во рамки на повикот за регрантирање како дел од овој проект;
- Континуирана поддршка во имплементацијата и репортирањето за проектот кој беше работен од организации во Струмица
- Организација на голем fund- raising настан за собирање на средства преку платформата кои по настанот беа донирани на здружението Мобилност Струмица, за набавка на потребна опрема за членови на истата организација со попреченост.

# 2. Млади - агенти на промената – Youth – Agents of Change

Проектот во траење од 24 месеци се спроведува во партнерство со ЦИД Куманово и Сојузот на Извидници, истовремено во општините Струмица, Куманово и Центар. Целта на проектот е да поттикне младинските иницијативи, активизмот и волонтерството како клучни предуслови за подобрување на локалната власт и зајакнување на сеопфатното и директно вклучување на граѓаните на локално ниво. Акцијата има за цел да го зголеми младинскиот активизам преку волонтирање за обезбедување социјална инклузивност на локалните заедници.

Специфичните потреби кои ги адресира проектот вклучуваат недостаток на структурирана соработка на младински активисти и волонтери со општините, недостаток на наставни програми и компетенции на наставниците од средните училишта за поттикнување на младинскиот активизам преку неформално учење, недостаток на капацитет на младите за влијаење врз работата на локалните власти и свесност на граѓаните за влијанието на младинските иницијативи, активизмот и волонтерството во општините.

**Реализирани активности во периодот на 2023 година:**

- Редовни месечни средби со проектниот тим за потврдување на временската рамка и текот на имплементацијата на активности;
- Изработени и доставени на користење волонтерски програми до општина Струмица;
- Доделени 7 грантови на граѓански организации за проекти кои таргетираат волонтерство, лидерство, неформално образование, младински активизам, животни вештини, заштита на животната средина и други сродни теми, и поддржани околу 20 мали иницијативи на неформални групи и помали граѓански организации кои ги обработуваат истите теми;
- Спроведен тренинг за јакнење капацитети кај грантистите на проектот.
- Промовирање на локалниот водич за волонтирање, достапен на јавноста на веб страната на проектните партнери и до јавните институции;
- Организирани повеќе настани кои одбележуваат повеќе светски денови како што се светски ден на млади, светски ден на ментално здравје, светски ден на волонтерството со над 250 опфатени млади преку овие настани;
- Организирани четири настани за млади со цел запознавање со проектот и проектните активност.

# 3. Заштита од корупција

Проектот со финансиска поддршка од Амбасадата на Кралството Холандија во Република Северна Македонија, субгрантиран од Центарот за Граѓански Комуникации Скопје, со времетраење од 24 месеци. Целта е да се намали корупцијата и злоупотребата на јавните средства на ниво на локална самоуправа преку зголемување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот на локалните институции и спроведување на мерките од Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси 2021-2025 година.

Здружението на граѓани Центар за истражување и анализи НОВУС, Струмица, во 2023 година работеше на остварување на оваа цел во општина Струмица. Особено се фокусираше на Општината Струмица и нејзините јавни претпријатија, вклучувајќи ЈПКД Комуналец Струмица, ЈП Паркиралишта Струмица и ЈПЕД Струмица Гас.

**Реализирани активности во периодот на 2023 година:**

- Учество во редовни координативни настани во рамки на проектот за градење на капацитетите на НОВУС за областа и експертизата потребна за имплементација на проектните активности;
- Редовни состаноци со координаторот и другите организации за спроведување на истражувањето и мониторингот;
- Целосен мониторинг за период од една година за 2022 година на процесите на водење на јавните набавки во општина Струмица и трите јавни претпријатија основани од општината;
- Изготвување на комплетен извештај од мониторингот на јавните набавки спроведени од општина Струмица и јавните претпријатија за 2022 година.

# 4. Партнерски Erasmus+ проекти

Во текот на 2023 година, Центар за истражувања и анализи НОВУС, беше партнер на повќе Erasmus+ проекти преку кои испрати на младински размени вкупно 50 млади и тоа:

- "Nature Scope" младинска размена во период од 5-13 ноември во Банско, Бугарија.
- "Move-on: Cinema against discrimination" во Сицилија, Италија, финансиран преку програмата Еразмус+ имплементиран од страна на нашите долгогодишни партнери Associazione Elios. Во рамките на овој проект, беа спроведени тренинг за младински работници и младинска размена.
- “Sports and inclusion for youth” младинска размена која беше имплементирана од страна на Asociatia Nationala de Dezvoltare Continua a Tinerilor din Romania во Краиова, Романија. Во период од 3 до 9ти септември, на која учествуваа 12 учесници од нашата организација.
- Во периодот од 23 до 30 Јули, 7 млади преку НОВУС беа дел од проектот "Human Rights under attack", имплементиран од страна на Asociatia Nationala de Dezvoltare Continua a Tineretului din Romania, во Bechet, Романија.
- Во рамки на проектот „Erase the hate" кој се оддржа во Струмица бевме домаќини и угостивме млади од 5 земји: Грција, Македонија, Полска,

Романија и Италија.

# 5. Одржлива синергија за зајакнување на колективното еко влијание

Во рамките на проектот „Младински активизам за позелени општини" како дел од програмата за подгрантирање, Центарот за истражување и анализи НОВУС отпочна со спроведување на проектот „Одржлива синергија за зајакнување на колективното еко влијание“. Проектот има за цел да се промовираат одржливи практики, управување со животната средина и ангажман на заедницата во струмичкиот микро-регион, со фокус на унапредување на зелените политики, справување со еколошките предизвици и поттикнување колективна одговорност за позелена иднина. Истиот започна со имплементација во октомври 2023 и е со време траење од 8 месеци.

**Активности спроведени во 2023:**

- Мониторинг и утврдување на постоечки зелени политики и програми кои постојат во четирите општини во Струмичкиот микро-регион;
- Мониторирање на степенот на реализираност на програмите кои постојат во четирите општини во Струмичкиот микро-регион и презентација на наодите во јавноста;
- Изработка на инфографици со кои се прикажуваат резултатите од спроведениот мониторинг на програмите за заштита на животната средина и зелените политики во општините Ново Село, Василево, Босилово и Струмица;
- Спроведување акетно истражување со цел да се идентификуваат и разберат приоритетните еколошки проблеми и предизвици со кои се соочуваат граѓаните од општините Струмица, Босилово, Ново Село и Василево преку кој беа опфатени 198 граѓани на 18+ возраст;
- Креирање датабаза на локални актери и таргетирање на проблеми и пречки во заедницата.

# 6. Нова генерација на силни и гласни млади

Проектот “Нова генерација на силни и гласни млади!” беше финансиски поддржан од Агенција за млади и спорт. Главна цел на проектот е зајакнување на капацитетите на локалните младински структури и зголемување на младинското учество во процесите на донесување на одлуки на локално и национално ниво, како и зголемување на младинското учество и активизам преку развој на практики насочени кон слобода на изразување, како и различни младински иницијативи за промена на состојбите во заедницата.

Целна група на проектот се млади од Струмичкиот микро-регион, млади од ранливи категории на граѓани; младински организации од урбани и рурални средини; млади од општинската и јавната

администрација; средните општински училишта, општината, јавните претпријатија и сите јавни локални институции; бизнис заедницата и медиумите. Преку овој проект беа опфатени повеќе од 75 млади од Струмичкиот регион.

- Воведна прес конференција со медиумите за запознавање на граѓаните со целите и активностите на проектот;
- Мапирање на постоечките младински капацитети во Струмичкиот микро-регион, мониторинг и анализа на документите наменети за млади, како и утврдување на потребите на младите од овој регион;
- Мапирање на граѓански организации кои работат со млади, капацитетите на општинската администрација за работа со млади како и инфраструктурните капацитети како што се простори кои можат да бидат наменети за млади во општините Струмица, Василево, Босилово и Ново Село.
- Мониторинг и анализа на документите наменети за млади на локално ниво.
- Спроведување анкетен прашалник за да се утврдат потребите на младите во општините од Струмичкиот микро регион како и истражување на потребите на младите после периодот со Корона вирусот и во време на кризата. П
- Средби со одговорните лица на средните општински училишта во Струмичкиот регион и одредување на лице за контакт (contact point) во секое од училиштата;
- Процес на селекција на 12 млади луѓе од трите средни училишта
- Спроведување на сет на обуки со цел младите да се стекнат со потребните знаења, вештини и поттик за младинско учество и желба за нивно партиципирање во општествените збиднувања и креирањето на политики
- Обука за project management (проектно менаџирање), каде ќе бидат опфатени сите чекори од иницијалната разработка и пишување на проектната идеја или иницијатива, до обезбедување на финансиски средства па се до финалната реализација.
- Обука за Community issues mapping (Мапирање/ идентификување за постоечки проблеми/прашања во заедницата). Обука која ќе биде спроведена од соодветен експерт во оваа област, каде на практичен начин ќе се покаже на младите како да ги препознаат и делуваат во решавањето на овие проблеми.
- Обука за Social Media Activism (Младински активизам преку социјални медиуми) со цел младите да стекнат вештини како да креираат и спроведуваат онлајн кампањи преку кои ќе го поттикнуваат младинскиот активизам во локалните заедници, па и пошироко.
- Обука за Campaign management (Менаџирање на кампањи)
- Од млади за млади- Креирање и реализација на младински иницијативи во заедницата. Поддршка на 4 младински иницијативи во рамки на овој проект во целиот регион каде инволвираните млади ќе имаат можност и задача да развијат и спроведат младински иницијативи со цел подигање на свеста за значењето и важноста на младинскиот активизам и учество, при решавање на проблеми од нивната околина, а ги засегаат сите.

# 7. Зајакнување на националните заштитни

механизми против говор на омраза во Република Северна Македонија

Во рамки на овој проект „Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза во Република Северна Македонија” истиот имплементиран од Хелсиншки комитет за човекови права, Центарот за истражување и анализи НОУВС од Струмица како локален партнер, во 2023 година отпочна со мониторинг и пријавување на говорот на омраза на социјалните медиуми, медиумите, присутни инциденти и случаи на говор на омраза и криминал од омраза кои се забележани во Струмичкиот и Југоисточниот регион.

Главната цел на проектот е да се зајакнат ефективните механизми за заштита на правата на граѓаните во Република Северна Македонија при практикување на слободата на изразување и борба против говорот на омраза во согласност со меѓународните и европските стандарди.

# 8. Избриши ја омразата - Erase the hate Erasmus+ KA1

Во 2023 Центарот за истражување и анализи НОВУС Струмица, отпочна со реализирање на проектот „Erase the hate“ Erasmus+ KA1 проект, кој имаше за цел да ги реши штетите што ги засноваат општествата за дискриминација и расизам на многу различни начини. Најмногу еродира несакан ефект на дискриминацијата е тоа што за голем број луѓе кои живеат во Европа и во светот дискриминацијата се одразува на нивното човечко достоинство, нивните животни можности, просперитетот и благосостојбата, и во многу случаи сите овие работи доведуваат до говор на омраза или прераснуваат во злосторства од омраза кои влијае на личната безбедност на поединецот.

Проектот „Избриши ја омразата“ ќе придонесе за зголемување на компетенции на младите преку стекнато искуство и вештини за да ги препознаваат формите на предрасуди, стереотипи, дискриминација и омраза говор/криминал, така што во иднина тие можат да бидат активни мултипликатори на пораката и вештините стекнати во текот на овој проект. Овој проект обучи вкупно 36 млади од Северна Македонија, Романија, Грција, Италија и Полска.

# 9. Youth HUB - Erasmus+ KA3

Во 2023, отпочнавме со спроведување на проектот „Youth HUB“ кој е Erasmus+ KA3 проект кој ќе го спроведуваме во поартнерство со организации од Италија, Романија, Шпанија и Франција во периодот до 2026 година.

Овој проект посветен на младите и спроведен со придонес на самите млади поединци има за цел

е да се соберат младите да соработуваат и да развијат решенија за предизвиците со кои се соочуваат нивните заедници и светот во целина. Проектот вклучува создавање на физички и виртуелен простор каде младите ќе можат да се поврзат, да споделуваат идеи и да работат заедно на значајни проекти. Обезбедува ресурси и поддршка за да им помогне на младите да развијат вештини, лидерски способности и мрежи кои ќе им овозможат позитивно влијание врз нивните заедници и светот.

Цели на проектот:
- Единство и одржливо водство
- Создавање центар за млади
- Зајакнување на вештините за политичка анализа

## 10. -Гаранција за млади

Како регионална канцеларија на Националниот младински совет на Македонија, Центар за истражување и анализи НОВУС Струмица, ги спроведуваше активностите во Југоисточниот плански регион од проектот „Гаранција за млади“ кој го спроведува НМСМ во соработка со Министерство за труд и социјала, Агенција за вработување и Коалиција СЕГА.

Во текот на спроведувањето на теренските активности од овој проект, беше опфатен цел Југоисточен плански регион со пет теренски работници и преку истиот имавме опфатено повеќе од 160 млади од регионот.

Мерката Гаранција за млади им овозможува на младите лица до 29-годишна возраст, кои не се вработени, ниту се вклучени во образование или обука (NEET), да добијат соодветна понуда за работа, да го продолжат своето образование или да бидат вклучени во некоја од активните програми и мерки за вработување, во период од 4 месеци по нивното евидентирање како невработени лица во Агенција за вработување.

## 11. Разбивање на бариерите: Зајакнување на женското лидерство

Проектот „Разбивање на бариерите: Зајакнување на женското лидерство“ е проект регрантиран од проектот кој го имплементира Националниот младински совет на Македонија: „Еднакви можности за девојчињата и младите жени во Северна Македонија“.

Целта на „Разбивање на бариерите: Зајакнување на женското лидерство“ е да ги инспирира и поттикне младите девојки од средните училишта да станат самоуверени лидери обезбедувајќи им ги потребните лидерски вештини. Проектот има за цел да обезбеди средина за поддршка каде што младите девојки можат да го развијат својот потенцијал, да ги пробијат бариерите и да придонесат за унапредување на нивните заедници преку успешни приказни на локални жени лидери. Преку овој проект беа директно опфатени околу 180 млади девојки и жени од Југоисточниот регион.

Спроведени активности во рамки на проектот:

- Кампања за промовирање на целите на проектот
- Промоција на успешни приказни од Југоисточен плански регион преку објава за работилниците и тркалезната маса
- Работилници за зајакнување на женско лидерство кај средношколки од Југоисточниот регион
- Работилница 1 – Зајакнување на женско лидерство кај средношколки – СОУ „Јане Сандански“ – Струмица
- Работилница 2 – Зајакнување на женско лидерство кај средношколки – СОУУД „Димитар Влахов“ – Струмица
- Работилница 3 – Зајакнување на жеснко лидерство кај средношколки – СОУ „Никола Карев“ – Струмица
- “RiseHER - Conference” – Конференција со жени лидери од Југоисточен регион
- Промотивно видео со инсерти од проектот

# 13. Локална канцеларија на Младински образовен форум

Како локална канцеларија на МОФ, во текот на 2023 година ги раководиме клубовите за дебата, артивизам, новинарство и учиме право на локално ниво, на кој се активни вкупно 62 средношколци од Струмичкиот регион.